**Известување за концентрација со која Централ Азија Металс ПЛЦ, Обединето Кралство ќе стекне контрола над Сигнус Металс Лимитед, Австралија (предмет бр. 08-109/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 09.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Централ Азија Металс ПЛЦ со регистрирано седиште на Граунд Флор, Херитаџ Хаус, 2-14 Шортлендс, Лондон, ВВ6 8ДЈ, Обединето Кралство ќе стекне единствена контрола над Сигнус Металс Лимитед, со регистрирано седиште на Ниво 2, улица Ричардсон бр. 8, Западен Перт, 6005 Западна Австралија, по пат на купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Централ Азија Металс ПЛЦ (во понатамошниот текст: („ЦАМЛ“) е друштво кое котира на Пазарот на алтернативни инвестиции управуван од Берзата во Лондон. ЦАМЛ е владејачко друштво од Обединетото Кралство на група на друштва („ЦАМЛ Група“) кои се занимаваат со:

- обработување и последователно производство на бакарни катоди, од секундарни рударски техники;
- идентификување, истражување и развој на депозити на базни метали примарно во регионот на Централна Азија, но исто така и на светско ниво; и
- производство или обработка на оловен и цинков концентрат.

ЦАМЛ има регистрирано присуство во Северна Македонија преку нејзините регистрирани зависни друштва:

- Друштво за трговија ЦМК Европа ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. „27 март“ бр. 11, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност – трговија на големо со метали и метални руди;
- Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, со регистрирано седиште на ул. „Рударска“ бр. 28, Македонска Каменица, Република Северна Македонија и приоритетна дејност - вадење на други руди на обоени метали (во понатамошниот текст: „САСА“).

САСА е носител на концесии за експлоатација на суровини од олово и цинк и има регистрирана деловна активност – Вадење на други руди на обоени метали. Произведениот оловен и цинков концентрат, според берзански формирани цени, се извезува од страна на друштвото и се носи до топилници за обработка во странство.

Сигнус Металс Лимитед е австралиско друштво кое котира на Австралиската берза за хартии од вредност и неговите тековни активности се фокусирани на неколку рударски проекти, вклучувајќи:

- проектот за бакар-злато Чибугамау во Квебек, Канада;
- неколку квалитетни проекти за литиум со значителен потенцијал за истражување во областа од светска класа Џејмс Беј, Квебек;
- права на приближно 1.750 квадратни километри површина, лоцирани над недоволно

истражени зелени камени појаси, потенцијални за литиум, ретки земни елементи, никел, бакар, елементи на од платинската група и злато во Западна Австралија.

Сигнус Металс Лимитед нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија и не извршува било какви активности на пазарот во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за снабдување со бакарни концентрати, пазар за снабдување со никел, пазар за снабдување со злато, како и пазар за снабдување со литиум во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.07.2026 година
Скопје